**Република Северна Македонија**
**Основен суд Неготино**
**Су-04 број 169/22-1**
**13/02/2023 година**
**Неготино**

Претседателот на Основен суд Неготино Билјана Толова, врз основа на член 39 и член 88 од Законот за судовите, а согласно член 113 став 3 и 179 од Судскиот Деловник, по одржаната седница на судии Су број 18/23 на ден 07/02/2023 година и доставените мислења од судиите од 08/02/2023 година и од 13/02/2023 година, на ден 13/02/2023 година ја донесе следната

# ОДЛУКА
## за измена и дополнување на

## Распоред за работа
## на Претседателот на судот и судиите
## во Основен суд Неготино за 2023-та година

**1. Претседателот на судот судија Билјана Толова** ќе го преставува судот, ќе ја организира работата на судот, ќе превзема мерки заради навремено и уредно вршење на работата и ќе постапува по:

- предмети од судска управа (уписници „Су“, „Су-01“, „Су-02“, „Су-03“, „Су-04“, „Су-05“, „Су-06“, „Су-ИЗЗ“, „Су-дов“, „Су-стр дов“)
- предмети од уписник „УПП“ (поплаки и преставки) и уписник „СПИ“ (слободен пристап до информации)
- предмети од уписник „Зав-х“
- парнични предмети од уписник „П-2“
- предмети од уписникот „РО“
- предмети од уписник „Пл-1.П“ примени заклучно до 13/02/2023 година
- како Претседател на Кривичен совет (уписници „Кс“; „Ксп“, „Кс-Кр“, „КП“, „Кук“, „УО“ и „К.Пов“), како и по предметите од активната архива и од пасивната архива по кои постапувала судија Александра Поп Стефанија како претседател на кривичен совет од истите уписници
- предмети од уписник „Кр“
- како Претседател на совет во прекршочни предмети за кои се одлучува во совет (уписник „Прк.Пов“)
- предмети од уписник „Прк-р“
- предмети за извршување на прекршочни санкции (уписници „Ипрк“, „Исам-Д“, „Исам“, „ИОИП-МБ“), како и предметите од активната и пасивната архива од судија Александра Поп Стефанија од областа на извршувањето на прекршочните санкции
- како судија на предходна постапка по сите предмети од кривична област (уписници „К-ПП“ и „КНЗД“)
- предмети по барања за издавање дозвола за извршување (уписник „ИДС“),
- предмети од уписник „ППНИ“ формирани по барања за изземање од извршување по член 218 од Законот за извршување и по барања за одлагање

на извршување по член 91 од Закон за извршување, со прераспределба на предмети
- како дежурен судија по предмети од кривична, прекршочна област и граѓанска област и
- по предметот Малв.П број 88/22 од судија Лазар Ризов.

**<u>2. Судија Ацо Анѓелковски ќе постапува по</u>:**

- парничните предмети од уписниците „П-1“, „П-3“, „П-4“, „П-5“ и „Малв.П“,
- предмети од уписник „РО“
- граѓански замолници уписник „ЗАМ-с“
- платни налози и приговори против платни налози (уписник „Пл.“, „Малв.Пл-1-П.“ и „Пл.-1 П.“)
- оставински предмети (уписник „О-1“ и „О-над“)
- вонпарнични предмети (уписници „ВПП“, „ВПП-1“, „ВПП-2“, „РВПП“)
- други парнични и вонпарнични предмети („Зав“, „Зав-с“,„ПСО“, „РП“,„ОДС“, „ПОМ“, „ПИ“, „ПСО“, „ИПК“, „ПОМ“, „Знд“ „ИЗС“,„ПЛЖ“, „ППОВ“, „РО.ПОВ“, МВ.ПОВ“)
- по предмети формирани по приговори за незаконитости при извршувањето (уписник „ППНИ“)
- повторно заведени предмети од погоренаведените уписници од граѓанска писарница од судија Лазар Ризов
- како член на кривичен совет;
- судија известител при водење на посебни кривични постапки;
- по останати нерешени прекршочни предмети од уписник „Прк-ј“ примени заклучно со 31/12/2022 година;

- по пасивна архива од извршни предмети по кои постапувал како извршен судија и по предметите од пасивна архива од извршен судија Владанка Ристова и судија Лазар Рузов (уписник „И“),
- како дежурен судија по предмети од кривична, прекршочна област и граѓанска област
- како Заменик на Претседателот на судот
- предмети од уписник „Зав-х“, „Кр“ и „Прк.р“ како заменик на Претседателот на судот и
- по сите нерешени предмети на судија Лазар Ризов од 03/02/2023 година од сите уписници од Граѓанска писарница (парнични и вонпарнични), освен Малв.П број 88/22

**3. Точка 3 се брише, а во точка 4 која станува точка 3 за постапување на <u>Судија Розеана Ѓорѓиева</u> нема измени и дополнувања.**

**4. Во точка 5 која станува точка 4 за постапување на <u>Судија Бојанчо Донев</u> нема измени и дополнувања.**

**5.** Точките **6, 7 и 8 стануваат точка 5, 6 и 7 и не се менуваат.**

**8. Точка 9 која станува точка 8 се менува и гласи:**

Примерок од Одлуката за измена и дополнување на Распоредот за работа на Претседателот на судот и на судиите за 2023-та година да се достави

до судиите, извршителите во писарниците и информатичарот за спроведување во АКМИС.

**9. Точка 10 која станува точка 9 се менува и гласи:**

Одлуката за измена и дополнување на Распоредот за работа ќе започне да се применува од **14/02/2023 година.**

Примопредавањето на предметите со промена во АКМИС и физички преку Граѓанската писарница да се изврши на 14/02/2023 година.

**О б р а з л о ж е н и е**

Претседателот на судот, врз основа на член 39 и член 88 од Законот за судовите в.в. член 113 став 3 и член 179 од Судскиот деловник, по одржаната седница на судии на ден 07/02/2023 година и доставените мислења од судиите од 08/02/2023 година и од 13/02/2023 година, донесе Одлука за Измена и дополнување на Распоредот за работа на Претседателот на судот и судиите за 2023$^{-та}$ година во Основен суд Неготино.

Имено, согласно член 113 став 3 од Судскиот деловник, доколку настапат промени под кои е донесен годишниот распоред за работа во судот и тоа се одразува на успешното работење на судот, во текот на годината може да се изврши негово изменување и дополнување согласно постапката за донесување од овој деловник.

Според член 179 став 1 од Судскиот деловник, во случај кога судијата не работи со одреден вид на предмети (разрешен, распореден во друг оддел, распореден на друг вид на предмети, подолго отсуство), Претседателот на судот донесува изменување и дополнување на Годишниот распоред за работа на судот. Според став 2 од истиот член, прераспределбата на предметите во случајот од ставот 1 на овој член може да биде со доделување на сите предмети на одреден судија или ако не е одреден судија преку автоматска распределба на сите предмети од судијата на сите судии во одделот кои работат со тој вид на предмети.

Во Основен суд Неготино, судија Лазар Ризов од 03/02/2023 година започна со користење на годишен одмор заклучно до 31/03/2023 година, кога истиот навршува 64 години возраст.

Поради наведените причини, се оцени дека е потребно да се измени и дополни Распоредот за работа на Претседателот на судот и судиите за 2023$^{-ра}$ година во Основен суд Неготино и предметите распоредени кај Судија Лазар Ризов поради подолго отсуство на судијата да се прераспоредат, а во смисла на горецитираните одредби од Судскиот деловник.

При измената и дополнувањето на распоредот, Претседателот на судот определи сите предмети од судија Лазар Ризов (вкупно 50), кој постапуваше само по предмети од Граѓанска писарница да се прераспоредат кај судија Ацо Анѓелковски, како судија кој постапува по предмети од Граѓанска писарница, освен предметот Малв.П број 88/22. Имено, предметот Малв.П број 88/22 бил распореден преку АКМИС прво кај судија Ацо Анѓелковски и по негово барање за изземање, со решение Су.изз број 7/22 од 06/09/2022 година, судијата Ацо

Анѓелковски бил изземен од постапување по предметот. Од тие причини, а како повторно не би барал изземање во истиот предмет, овој предмет веднаш со ова одлука се прераспоредува кај друг судија односно кај Претседателот на судот судија Билјана Толова.

Во останатиот дел Распоредот за работа во точките 4, 5, 6, 7 и 8 кои стануваат точки 3, 4, 5, 6 и 7 останува непроменет.

Основен суд Неготино, 13/02/2023 година.

**Претседател на**
**Основен суд Неготино**
Билјана Толова

**Правна поука:**
Против Распоредот за работа на Претседателот на судот и судиите во Основен суд Неготино дозволен е приговор во рок од 3 дена од денот на приемот преку овој суд до општата седница на Врховниот суд на РСМ.